Европска Комисија
Земјоделство и рурален развој

# ОСОБЕНОСТИТЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО







1

# ОСОБЕНОСТИТЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделските површини и шумите завземаат огромна површина од нашата територија и имаат клучна улога во утврдувањето на стабилноста на руралните економии, како и руралните предели. Земјоделството сеуште може значително да придонесе кон нивниот одржлив економски развој. Земјоделските производители извршуваат многу различни функции почнувајќи од производството на храна и непрехранбени земјоделски производи до управувањето со руралните подрачја, зачувување на природата и селскиот туризам. Оттука, може да се каже дека земјоделството има повеќекратни функции.

- Европа е истовремено и еден од најголемите извозници како и најголемиот светски увозник на храна, претежно од земјите во развој;
- Во европскиот земјоделски сектор се употребуваат сигурни, чисти, производствени методи што се грижат за животната средина што резултираат во производство на висококвалитетни производи кои што ќе одговорат на барањата на потрошувачите;
- Земјоделскиот сектор во ЕУ им служи на руралните заедници. Улогата му е не само да произведува храна, туку и да го гарантира опстанокот на руралните средини како место за живеење, работа и посети.

Земјоделската политика на ЕУ се утврдува на ниво на Унијата од страна на владите на Земјите членки и се спроведува од поединечните Земји членки. Политиката има за цел да ги поддржи приходите на земјоделските производители, во исто време охрабрувајќи ги да произведуваат високо квалитетни производи кои што се барани на пазарите, но и да бараат нови развојни можности, како што се еколошките обновливи извори на енергија.






# 2

## УЛОГАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ПРОИЗВОДИТЕЛ

**Земјоделското производство значи многу повеќе од самото производство на земјоделски култури и животни за човечка исхрана. Сложеноста на нивната професија бара од земјоделските производители да играат многу улоги. За големиот дел земјоделски произовдители тоа е и начин на живот.**

Основното занимање на земјоделските производителие производството на храна. За да го направат тоа земјоделските производители употребуваат традиционални начини и ги комбинираат со модерната наука и технологија со цел да произведат и понудат одлична прехранбени производи по пристапни цени. Горенаведеното вклучува употреба на комбинација од традиционални вештини вкрстени со know-how и успешниот пласман на пазарите. Земјоделските производители сé повеќе ја користат и информатичката технологија во своите производствени и маркетиншки напори. Понатаму, земјоделските производители сé поголемо внимание мораат да му посветат и на доброто управување со земјиштето,  како и еколошките експертизи. Во последните неколку години земјоделските производители беа должни да се погрижат и за безбедноста на храната, покрај веќе постоечката грижа за здравјето на животните и нивната добросостојба. Нејасно е дали постои некоја друга професија која што бара од човекот толку широк дијапазон на знаења.

Повеќето фарми се мали бизниси, најчесто семејно раководени. Тие се важен работодавач во многу рурални региони и важен чинител во руралниот свет.

Земјоделските производители не работаат сами и независно од другите. Тие се првата алка во прехранбениот синџир, некогаш ги преработуваат прехрабените производи на своите фарми, но најчесто ги продаваат на други кои понатаму ги трансформираат во прехранбени продукти кои купувачот конечно ќе ги најде во продавниците.



РАСТОТ НА ПРОСЕЧНИТЕ БРУТО МЕСЕЧНИ ПЛАТИ ВО ЕКОНОМИЈАТА И БРУТО МЕСЕЧНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРИХОДИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - ЕУ 27



3

# ИСТОРИЈА НА УСПЕШНИ ПРОМЕНИ

**Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) имаше и понатаму има јасни причини за своето постоење. Таа константно еволуираше со цел да одговори на променливите потреби на земјоделството и општеството во целина.**



## ОРИГИНАЛНАТА ЗЗП

ЗЗП ги влече своите корени од педесеттите години на минатиот век во Западна Европа, чии заедници беа разорени од годините поминати во војна, земјоделството беше осакатено и никој не можеше да ги гарантира испораките на прехранбени производи. Во почетокот ЗЗП нагласокот го ставаше на поттикнување на подобра продуктивност на земјоделските производители, со цел потрошувачите да имаат стабилна понуда на храна по пристапни цени и да осигури дека ЕУ ќе има оддржлив земјоделски сектор на подолг рок. ЗЗП нудеше субвенции и системи со кои што гарантираше високи откупни цени на земјоделските производители, истовремено давајќи им стимулации да произведуваат повеќе. Финансиска помош беше обезбедена за реструктурирање на земјоделските стопанства, на пример со субвенционирање на инвестициите за зголемувањето на фармите и воведување на технолошки знаења што ќе им помогне да се адаптираат на економските и социјалните прилики од тоа време. Некои мерки беа воведени во форма на помош за предвремено пензионирање, професионална едукација и за поддршка на помалку развиените региони.



ЗЗП беше многу успешна во постигнувањето на своите цели за задвижувањето на ЕУ кон самоодржливост од 1980-ите натаму. Меѓутоа, одеднадеж ЕУ се доведе во ситуација да мора да се справува со постојан вишок од главните земјоделски производи, од кои нешто се извезуваше (со помош на субвенции), некои количини мораше да бидат складирани, а дел и да се уништи во рамките на ЕУ. Овие мерки предизвикаа високи буџетски трошоци, предизвикаа пореметување на некои од светските пазари, не секогаш беа во полза на земјоделските производители и на крај станаа многу непопуларни кај потрошувачите и даночните обврзници. Во исто време општеството во голема мера се загрижи за еколошката оддржливост на земјоделското производство, а Самитот за планетата Земја одржан во Рио де Жанеиро (1992) беше забележан како знаменит зачеток на таквата загриженост во 1990-ите години.

## ЗЗП мораше да се промени ... и го направи тоа!

### ДЕНЕШНАТА ЗЗП

Многу значајни промени на ЗЗП беа веќе направени во 1980-ите, но најзначајните дојдоа во 1990-ите години. Ограничувањата во производството помогнаа да се намали вишокот (квотите за млеко во 1983 година). Нов  фокус беше ставен   на еколошки прифатливото земјоделство. Додека добиваа директна финансиска помош, земјоделските производители мораа да водат повеќе сметка за  пазарот,  и да се прилагодуваат на сменетите приоритети на јавноста (реформата на Мекшери од 1992 година).

Промената на фокусот, која што беше извршена во 1999 година (реформата “Агенда 2000”) и која ја промовираше конкурентноста на европското земјоделство, исто така вклучуваше и еден нов елемент - политика за рурален развој, која ги охрабруваше руралните иницијативи а во исто време  им помогаше на земјоделските производители да ги реструктуираат своите фарми, да го разнообразат своето производство и да го подобрат пласирањето на своите производи на пазарите. За буџетот за ЗЗП беше дефинирана горна граница за да се осигурат даночните обврзници дека трошоците нема  да излезат вон контрола. Конечно, во 2003 година понатамошна фундаментална реформа бешедоговорена.

На земјоделските производители повеќе не им се плаќаше за само да произведуваат храна. Денешната ЗЗП се потпира на побарувачката.Во целост се земени  во предвид забелешките на потрошувачите и даночните обврзници, давајќи им истовремено на европските земјоделските производители слобода да произведуваат согласно со барањата на пазарот. Во минатото, колку повеќе произведуваа земјоделските производители, толку добиваа повеќе субвенции. Одсега, поголемиот дел од исплатите кон фармерите нема да зависат од произведената количина. Со новиот систем земјоделските производители и понатаму добиваат директна финансиска поддршка што им овозможува стабилност на приходите, меѓутоа поврзаноста со количината на производството е прекината. Понатаму, земјоделските производители се обврзани да ги почитуваат еколошките, стандардите за безбедност на  храната, фитосанитарните, како и стандардите за добробит на животните. Земјоделските производители кои нема да ги почитуваат стандардите ќе се соочат со редуцирање на директните плаќања (услов познат како “вкрстено придржување - cross-compliance”). Прекинувањето на врската помеѓу субвенциорањето и производството (попознато како декаплирање - раздвојување) ќе им овозможи на земјоделските производители од ЕУ да бидат повеќе пазарно ориентирани. Тие ќе имаат слобода да произведуваат производи што се најпрофитабилни за нив, а во исто време ќе уживаат во бараната стабилност на приходите.

Оваа серија на реформи сега ја отсликуваат јасната иднина на ЗЗП, правејќи го нејзиното значење очигледно за целото друштво.






## ИСТОРИЈА СО КОЈА МОЖЕМЕ ДА СЕ ГОРДЕЕМЕ

Подобрувањето на ефикасноста на фармите како и стимулациите што ги нуди ЗЗП, доведоа до значително зголемување на производството на храна од 1960-ите натаму. Имаше драматично подобрување на производството и нивото на самоодржливост. Во исто време приходите на фармите растеа, што во многу случаи беше резултат на  растот на големината на фармите, бидејќи некои земјоделски производители  ја напуштаа индустријата и нивните фарми окрупнуваа.

## НИЕ ПРОИЗВЕДУВАМЕ РЕЧИСИ СЕ

Европа може да ги произведува речиси сите земјоделски производи. За неколку производи Европа е светски лидер, на пример маслиново масло, месо, вино, виски и други алкохолни пијалоци. Меѓутоа, ЕУ е исто така и голем увозник на многу различни производи.

Овие природни погодности, заедно со придобивките од ЗЗП, доведоа до значително подобрување на продуктивноста, поголемо производство, сигурност на храната за најголемиот број производи и конечно, до вишоци од многу производи.

**ГЛАВНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЕУ**
**(% удел од производството по вредност - 2005)**




Вишоците беа отстранети од пазарот преку субвенционирано складиштење (системот на јавни интервенции) или преку субвенциониран извоз на тие производи  во трети земји со цел да се избегне колапс на откупните цени.

## САМОСТОЈНОСТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЖИТАРИЦИ, ШЕЌЕР, ПУТЕР И ГОВЕДСКО ВО ЕУ




Во текот на  1980-ите и 1990-ите во ЕУ беа донесени  серија мерки со цел да се ограничи производството на вишокот производи. Беше употребена цела палета мерки: фиксни квоти за млечното производство, со казни за поголемо производство од дозволеното; ограничување на површините под одредени култури/ бројот на животни за кои еден земјоделски производител може да поднесе барање за субвенции; на почетокот доброволно, а потоа задолжително барање земјоделските производители да оставаат

определен процент од земјиштето необработено. Постепено овие мерки донесоа успех и вишоците беа редуцирани. Реформите на ЗЗП имплементирани во 1990-ите кои служеа да се намали отстапувањето помеѓу цените во ЕУ и светските цени, како и резултатите од Спогодбата за земјоделство на Светската Трговска Организација од 1995 година, го намалија користењето на извозни субвенции (односно, компензирањето на извозниците за извозот на производи по светски цени кои беа пониски од цените во ЕУ).

Како резултат на овие политики, во ЕУ се успеа да ја намали употребата на извозни субвенции, а во исто време да се оддржа нивото на извоз или дури и да се зголеми за одредени култури. Сепак, ЕУ и понатаму останува нето увозник на земјоделски производи, особено од помалку развиените земји.

## „ПЛАНИНИТЕ ОД ХРАНА„ ПОВЕЌЕ НЕ ПОСТОЈАТ

Развој на јавни складишта за житарки (интервентни залихи)




## ПОМОШТА ЗА ИЗВОЗ СЕ НАМАЛУВА НО ВРЕДНОСТА НА ИЗВОЗОТ ПОСТОЈАНО СЕ ЗГОЛЕМУВА




Развој на јавни складишта за говедско и путер (интервентни залихи)



5

## КВАЛИТЕТОТ Е КЛУЧ ЗА УСПЕХОТ

**Европа е позната по разноличноста на земјоделското производство, која зе заснова на  разноличноста на природната околина и методите на обработка на земјиштето развиени со текот на времето. Заедно со домашната храна, европската храна и пијалоци играат главна улога во детерминирањето на културниот идентитет на европските народи и региони. Високиот квалитет е клучна предност на  земјоделството во ЕУ.**

## КАКО ЕУ ГО ОХРАБРУВА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНАТА СО НАЈДОБАР КВАЛИТЕТ

Европа има многу различни региони. Условите за земјоделско производство варираат. Различните региони имаат специфични производствени методи и кулинарски традиции. Европските и светските потрошувачи покажуваат зголемен интерес за квалитетот на овие прехранебни производи. ЕУ игра значајна улога во зајакнувањето на карактеристиките на висок квалитет.

ЕУ го заштитува квалитетот на прехранебните производи на многу начини, на пример со мерки за подобрување на безбедноста и хигиената на храната, јасни правила за  етикетирање, прописи за заштита на здравјето на животните и растенијата и благосостојба на животните, контрола на остатоците од пестициди и адитиви во храната и преку нутритивни информации на производите. Пристапот на ЕУ вклучува и стриктно надгледување и контролни системи, истовремено осигурувајќи го ефикасното фунционирање на единствениот европски пазар.

## ПОСТОЈАНО ТЕЖНЕЕЊЕ КОН ПОДОБРУВАЊЕ

Напорите за подобрување на  квалитетот на прехранбените производи отсекогаш биле дел од ЗЗП, почнувајќи од прописите за етикетирањето на квалитетни вина во 1980-ите, преку маслиновото масло и секторите за овошје и зеленчук. Тие сега претставуваат централен дел од земјоделската политика. Во сите сегменти на ЗЗП се прават напори за подобрување на квалитетот на прехранебните производиа. Примери за такви мерки сé:

- Системот за идентификација на говедата и правилникот за обележување, дизајнирани да овозможат целосна следливост на месото од малопродажбата назад до фармата од која потекнало;
- Финансиски стимулации што се на располагање во рамки на политиката за рурален развој за земјоделски производителикои сакаат да го подобрат квалитетот на своите производи;
- Специфични мерки за конверзија во органско земјоделство.
- 

## СПЕЦИЈАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ИМААТ СПЕЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Исклучителната природа и квалитет на некои производи потекнува од нивното место на производство и методите за производство на тој производ. Потрошувачите и трговците со храна сî позачестено се интересираат за географското потекло на храната и други карактеристики. Во ЕУ се препознава ова и се развиени  три “логоа за квалитет”.

Производ што го носи логото ПДО (Заштитена ознака за потекло) мора да поседува докажани карактеристики кои што се резултат единствено на локалната почва и умешноста на производителите од производствениот регион со кој е поврзан  производот.

Производ што го носи логото ПГИ (Заштитена географска ознака)  има специфична карактеристика или углед поврзан со даден регион, и најмалку една фаза од производствениот процес се одвива во дадениот регион.

Производ што го носи логотоТСГ (Гарантирана традиционална посебност)  има карактеристични особености и е пориизведен од од традиционални состојки или со употреба на традиционални методи на производство.

Предноста од заштитата на овие ознаки за квалитет е што:

- На потрошувачот му се нуди гаранција за потеклото на производот и методот на производство;
- Се испорачува ефективна маркетиншка порака за големата додадена вредност на производот;
- Се  потпомагаат руралните бизниси што имаат за резултат квалитетни производи преку заштитата на нивните етикети од злоупотреби и имитации.

До пролетта 2007 година во ЕУ беа регистрирани речиси 750 географски ознаки, ознаки за  потекла и за гарантирана традиционална посебност. Понатаму, околу 2000 географски ознаки за вина и жестоки пијалоци со потекло од ЕУ и трети земји се заштитени на пазарите на ЕУ.



## ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Органското земјоделство е метод на производство кој што ја запазува структурата на почвата и плодноста, промовира висок стандард за благосостојба на животните и избегнува употреба на производи што се дозволени во конвенционалното земјоделство, како што се синтетичките пестициди, хербицидите, хемиските вештачки ѓубрива, подобрувачи на раст како антибиотици или генетски изменети организми. Земјоделските производители користат техники кои што ја помагаат оддржливоста на екосистемите и го намалуваат загадувањето. Само многу ограничен број на адитиви и додатни процесни средства може да се употребуваат при преработката на органска храна.

Правилата на ЕУ ја гарантираат автентичноста на органски произведените производи независно од тоа каде се произведени и осигуруваат прецизно етикетирање на  таквите производи. Со закон е регулирана употребата на зборот “органско/и/а” и неговите еквиваленти на сите ЕУ јазици единствено за производите од органско земјоделство. Со ова се обезбедуваат гаранции на потрошувачите за квалитетот и веродостојноста на органските производи што тие ги купуваат.

Органското земјоделство во ЕУ е еден од најдинамичните сектори, кој според проценките во 2004 година изнесуваше 5.8 милиони хектари (3.5% од вкупното земјоделско земјиште во ЕУ) на 150 000 стопанства.

Логото за Органски производи на ЕУ е достапно за слободно користење на сите производители на органски производи и производители на храна. Логото означува дека:

- Најмалку 95% од состојките на производот се органски произведени;
- Производот е во сообразност со правилата на официјалните инспекциски шеми
- Производот го носи името на производителот, подготвувачот и трговецот, како и името или кодот на инспекцискиот орган.

ORGANIC FARMING

6

## ГРИЖА ЗА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

**Руралните средини покриваат 90% од територијата на ЕУ, од која повеќе од половина се обработува. Самиот овојј факт го истакнува значењето на обработката на земјиштето за животната средина во ЕУ. Обработувањето на земјиштето и природата имаат длабоко влијание еден врз друг. Обработката на земјиштето со текот на времето придонело за создавање и одржување на мноштво вредни полу-природни престојувалишта. Денес, овие живеалишта го обликуваат пејсажот насекаде низ ЕУ и се дом на многу видови на дивата флора и фауна .**

## АГРО-ЕКОЛОШКИ МЕРКИ

Агро-еколошките програми се поддржани од ЕУ уште од нивното воведување со реформите на ЗЗП од 1992 година. Со нив земјоделските производители се охрабрени да понудат еколошки услуги кои што се многу повеќе од следењето на добрите земјоделски практики, а основните законски стандарди беа прочистени и утврдени во една специфична оска на Политиката за рурален развој на ЕУ за периодот 2007-2013 година. Помош може да се дава на земјоделските производители кои доброволно ќе се согласата да применуваат агро-еколошки мерки во производството за период од најмалку 5 години. Подолгорочни периоди може да бидат одредени за некои типови агро-еколошки мерки, во зависност од нивното влијание врз околината. Земјите членки мора задолжително да им понудат такви агро-еколошки програми на своите земјоделци. Тоа е илустрација на политичкиот приоритет и значењето на ваквите програми.



## ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во ЕУ се прават обиди да се заштити животната средина преку:

- понудување финансиска подршка за земјоделските производители кои што ќе се согласат да ги прилагодат своите земјоделски практики, посебно преку намалување на бројот на инпути што ги користат при обработка на земјиштето или бројот на животни по хектар површина, оставање на границите на полињата необработени, создавање на езерца или други содржини, или со садењето дрва и жива ограда и на тој начин ќе го преминат прагот на конвенционалните методи на добро земјоделско поизводство.
- помош за покривање на трошоците за зачувување на природата;
- инсистирање дека земјоделските производители мора да ги почитуваат законите за заштита на животната средина (законите за безбедност на храната, како и јавното и здравјето на животните и растенијата) и соодветно да се грижат за сопствената земја ако сакаат да се квалификуваат за плаќања врз основа на директни приходи.

## ГЕНЕТСКИ ИЗМЕНЕТИ ОРГАНИЗМИ И ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО ЕУ

Регулативите на ЕУ за генетски модифицираните организми (ГМО) се на сила уште од раните 1990-ите и оттогаш неколку пати се проширувани и дополнувани. Во ЕУ се донесени специфични законски и подзаконски акти наменети да го заштитат здравјето на граѓаните во ЕУ како и природната околина (истовремено креирајќи унифициран пазар за биотехнологија). Востановен е процес на одобрување кој што се раководи од поединечно проценување на ризиците за човековото здравје и околината пред било каков ГМО или производ што содржи или е составен од ГМО (како што е пченката, маслодајната репка или микро-организмите) да биде пуштен во околината или ставен на рафтовите во продавниците.



7

## ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕРБАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА

**Промените во Заедничката Земјоделска Политика се случуваа не само поради промените во земјоделството, туку и како одговор на барањата на општеството во целина. Овие барања ги вклучуваа растечката заинтересираност за хигиената на храната и сигурноста на животните и нивната добробит. Во овој случај, ЗЗП и другите мерки на политиката на ЕУ, како заштитата на потрошувачите, беа значително зајакнати во споредба со раните 1990-ти.**

## БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

Европските потрошувачи сакаат храна што е безбедна и здрава. Главната грижа на ЕУ е да се осигури дека храната што се јаде е со истиот висок стандард за сите нејзини граѓани. Се случија големи промени како одговор на ризиците по безбедноста на храната, како што беа BSE (кравјо лудило) или животинската храна загадена со диоксин. Целта беше да се осигури дека законите на ЕУ за безбедност на храната се најсеопфатни и дека потрошувачите имаат колку што е можно повеќе информации за потенцијалните ризици и што е сторено тие да се минимизираат.

Безбедноста на храната почнува на фармата. Прописите на ЕУ одредуваат контрола на производот наречен “од фарма до вилушка” независно дали е произведен во ЕУ или е увезен од некоја трета земја.

Стратегијата на ЕУ  за безбедност на храната се базира на четири важни елементи:

- Прописи за безбедност на храната и животинската исхрана;
- Независни и јавно достапни научни совети;
- Активности за спроведување на прописите и контрола на процесите;
- Признавање на правото на потрошувачот да прави избор врз основа на комплетните сознанија за потеклото на храната и нејзината целосна содржина.

## ЖИВОТНИТЕ - НИВНОТО ЗДРАВЈЕ И ДОБРОБИТ

За храната да биде здрава, животните од кои се произведува мораат исто така да бидат здрави. Потребата да се осигури здравјето на животните преку добри ветеринарни практики и да се спречи ширењето на заразни животински болести, како што се лигавката и шапот, свинската чума, или птичјиот грип се приоритети на ЕУ. Доколку се појавиодредена болест, таа се надгледува внимателно и се превземаат потребните чекори да се спречи понатамошно ширење. Сите животни или животински производи мораат да  исполнат стриктни задравствени барања пред да може да се увезат или да се тргува со нив во ЕУ.

Еден од основните принципи на легислативата на ЕУ за добробит на животните е тие да не бидат подложени на непотребна болка или мачење. Ова се рефлектира во јасните прописи за условите под кои кокошките, прасињата и телињата може да се одгледуваат, како и на кои фарми животните може да се транспортираат и убиваат. Овие правила постојано се ажурураат со оглед на постојаниот напредок на научните сознанија и се едни од најригорозните во светот.

Истражувањата покажуваат дека животните на фармите се поздрави, и произведуваат подобра храна, доколку со нив добро се однесуваме.

Истражувањата покажуваат дека животните на фармите се поздрави, и произведуваат подобра храна, доколку со нив добро се однесуваме.

## ПРИДОНЕСОТ НА  ЗЗП

Осигурување на безбедност на храната и висок стандард за здравје и благосостојба на животните не е  прашање кое се регулира со прописи. ЗЗП им нуди на земјоделските производители мотивација да ги подобрат своите перформанси на тоа поле. Иако почитувањето на овие стандарди, преку примена на принципите на вкрстена усогласеност, е корисно за целото општество, истото може да наметне значајни трошоци на земјоделските производители, и затоа финансиска поддршка им е на располагање на земјоделските производители да направат подобрувања во овие сегменти од Руралниот развој.

8

## ПОДРШКА ЗА РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Земајќи во предвид дека речиси 60% од населенито на 27-те Земји членки на ЕУ живее во рурални средини кои што покриваат 90% од територијата, руралниот развој е област од животно значење за развојната политика. Земјоделството и шумарството се главниот начин на искористување на земјиштето во руралните региони, и како такви играат значајна улога во руралните заедници како основа за силна социјална изграденост и економска оддржливост, и за управување со природните ресурси и околината.**

**Голем број анкети на јавното мислење во сите 27 Земји членки јасно покажуваат дека живи и оддржливи рурални региони им се важни на сите европски граѓани.**

## ПОСЕБЕН ФОНД ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Европските стратешки насоки за руралниот развој беа поставени во Февруари 2006 година.

Политиката за рурален развој беше зајакната за да им помогне на руралните области да одговорат на економските, социјалните и еколошките преизвици на 21-от век. Новата законска рамка на Европскиот Земјоделски Фонд за Рурален Развој ја нагласува потребата да се стимулира економскиот раст и да се создадат нови работни места во овие области, за да се подобри оддржливиот развој во согласност со Лисабонската стратегија и Советот на Гетеборг.

Политиката за рурален развој за периодот 2007-2013 ќе биде базирана на три теми, во согласност со трите оски кои што се дефинирани во новите Прописи што се однесуваат на руралниот развој: подобрување на конкурентноста на земјоделството; подобрување на животната средина и поддршка за управување со земјиштето и подобрување на квалитетот на животот и диверзификацијата на економијата во руралните области. Четвртата оска е ЛИДЕР оската, која што е инспирирана од искуството на иницијативата на заедницата ЛИДЕР и има за цел имплементирање на локалните стратегии за рурален развој преку локални јавни-приватни партнерства. Повеќе средства ќе бидат ставени на располагање за рурален развој преку намалувањето на директните плаќања за фармите и трансфер на овие средства за мерки за рурален развој (во праксата познати како модулација). Земјите членки во иднина задолжително ќе ја применуваат модулацијата што само по себе ќе значи намалување (за 5% во споредба со 2007) на сите директни плаќања што надминуваат износ од 5000 Евра годишно.

## РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Поддршка е обезбедена за земјоделските производители и другите чинители во руралните области, за активности како:

Обука за нови земјоделски техники и рурални занаети;
Поддршка на младите земјоделски производители за подигнување на фарми фарми;
Помош на постарите земјоделски производители за пензионирање;
Осовременување на земјоделските објекти и механизацијата;
Поддршка на земјоделските производители да ги постигнат вискоите ЕУ стандарди, т.е. еколошките, стандардите за благосостојба на животните и јавното здравје;
Помош при подигањето објекти за преработка на храна на самите фарми, со цел да им се овозможи повисок приход на земјоделските производители преку додавање на вредност;
Подобрување на квалитетот на производите и маркетингот на квалитетни производи;
Организирање на Групи на производители во новите Земји членки;
Поддршка за земјоделството во планинските области и во други области со различни недостатоци;
Обновување на селата и руралните објекти;
Развој на руралниот туризам;
Заштита и зачувување на руралното наследство;
Агро-еколошки мерки за унапредување на околината;
Развивање на развојни стратегии од страна на локалните акциони групи.

9

## НОВИ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ, НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ

**Проширувањето на ЕУ со вклучувањето на 10 нови Земји членки (Кипар, Чешка Република, Естонија, Унгарија, Латвија, Летонија, Малта, Полска, Словачка и Словенија) од 1-ви Мај, 2004 година, како и Бугарија и Романија од 1-ви Јануари 2007 година, беше историска пресвртница во ремоделирањето на Европа по векови на деструктивни поделби. Европа во целина ќе профитира од осигураната политичка стабилност и сигурност, како и од проширувањето на внатрешниот пазар од 380 на близу 500 милиони жители.**

Статистички гледано, проширувањето ќе има значајно влијание врз земјоделството во ЕУ. Дополнителни 7 милиони земјоделски производители се додадоа на постоечките 6 милиони од поранешните 15 Земји членки. Новите 12 Земји членки внесоа околу 55 милиони хектари земјоделско земјиште на постоечките 130 милиони на заедницаа со 15 членки, што е зголемување од околу 40%, иако производството во Заедницата со 27 членки ќе се зголеми за 10-20% за повеќето производи. Ова потврдува дека големиот земјоделски потенцијал на новите Земји членки е сеуште далеку од потполна искористеност.

Земјоделските производители од новите Земји членки имаат пристап до единствениот заеднички пазар на ЕУ и неговите релативно стабилни цени, плус директните плаќања (фазно постепено внесувани додека да се достигне ЕУ нивото) и мерките за рурален развој.

И покрај напредокот во модернизирањето и реструктуирањето на земјоделскиот сектор што се случи кај новите Земји членки во последните години, еден од основните предизвици останува да биде подобрувањето на напредокот во земјоделството и руралните заедници како целина. Многу објавуваните податоци за разликата во напредокот помеѓу ЕУ-15 и новите Земји членки - во 2001 година 45% од ЕУ-15 нивото (БДП по глава на жител усогласен за Индексот на куповната моќ) се дури и понагласени во руралните области, поради комбинацијата од пониски приходи и повисоки нивоа на невработеност во овие области споредено со урбаните региони (овие разлики се поизразени кај новите Земји членки отколку кај ЕУ-15).

Ова е предизвик со кој што ЕУ веќе почна да се справува, преку креирањето на нови мерки за рурален развој дизајнирани за решавање на специфичната ситуација во секоја од новите земји членки.

Важно е да се напомене дека сите прописи што произлегуваат од ЕУ членството се применија веднаш врз земјоделските производители од новите Земји членки. Клучен пример е безбедноста на храната, која што е толку важна тема за потрошувачите во ЕУ што било какво намалување на стандардите е недозволиво.



10

## ЕУ - ВАЖЕН СВЕТСКИ ТРГОВЕЦ СО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

ЕУ има многу обемни контакти и трговски односи со трети земји и трговски блокови. ЕУ е главен чинител на глобалната трговија со земјоделски производи и е најголем увозник, а втор по големина извозник на прехранбени производи. ЕУ игра водечка улога во утврдувањето на глобалните трговски договори во Светската Трговска Организација (СТО). Има склучено или е во процес на преговори за билатерални трговски договори со поединечни трети земји, договори за слободна трговија со блиските соседи, посебни аранжмани за земјите во развој, дозволува преференцијален пристап до пазарите на ЕУ и развива продлабочени односисо регионални групации како што е Меркосур групата на земјите од Јужна Америка. ЕУ е единствената голема трговска групација, помеѓу богатите нации, која не само што дозволува преференцијален пристап до своите пазари за увоз од земјите во развој, туку и во пракса навистина увезува многу значајни количини од тие земји.

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ТРГОВИЈА

ЕУ има јасна позиција околу фактот дека растечката трговијата помеѓу сите земји, независно дали се развиени или помалку развиени, мора да се одвива според правилата за мултилатерална трговијаво корист на сите земји, а посебно земјите во развој. Тоа е причината зошто ЕУ дава голема поддршка на СТО и зошто секогаш имала многу активна улога во дискусиите на СТО како и преговорите за трговија со земјоделски производи. Во ЕУ се почитува “Развојната Агенда од Доха” (РАД), преговорите кои што имаат за цел понатамошна либерализација на трговијата со истовремено зајакнување на развојот. Во однос на земјоделството, Договорот од 2004 година го отвори патот за понатамошни преговори кои што би требало да резилтираат со значително поголема либерализација на трговијата со земјоделски производи отколку претходните преговори (Уругвајската рунда преговори). Договорот се фокусира реформата на ЗЗП на ЕУ. Тој би требало да резултира со значителни намалувања на поддршката за земјоделството, која што ја деформира трговијата, елиминирање на практиката на извозни натпревари што исто така ја деформираат трговијата и да придонесе за значајно отворање на земјоделските пазари истовремено дозволувајќи посебен третман за осетливите производи. Сите земји во развој ќе ги почувствуваат придобивките од посебниот третман, што ќе им овозможи помала либерализација за подолг период.

## ВТОР НАЈГОЛЕМ ИЗВОЗНИК НА ГЛОБАЛНО НИВО - И НАЈГОЛЕМ УВОЗНИК

Европското земјоделство е главен чинител на светските пазари на земјоделски производи. Способноста на земјоделството во ЕУ да произведе огромни количини на земјоделски производи и разновидноста и квалитетот на тие производи, значи дека ЕУ стана главен извозник на многу прехранбени производи (вториот по големина светски извозник на земјоделски производи во вредност од 72.553 милијарди Евра во 2006 година).

Но тоа не е еднонасочно движење. ЕУ е исто така и најголемиот светски увозник на земјоделски производи. Во 2006 година, увозот на земјоделски производи во ЕУ се пороценуваше на 67.876 милијарди Евра.

Нето извозната позиција (билансот) на ЕУ се намалувал во секој поединечен сектор од 1990 година.

## ТРГОВСКА РАЗМЕНА СО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

Евиденцијата на увозот на земјоделски производи во ЕУ од земјите во развој и неразвиените земји е повеќе од импресивна и покажува дека е поголем од увозите на САД, Јапонија, Канада, Австралија и Нов Зеланд заедно.

## ГЛАВНИ ИЗВОЗНИ ПРОДУКТИ НА ЕУ 25
## (% од уделот според вредноста - 2005)




- Месо и изнутрици
- Млечни производи
- Свежо овошје и зеленчук
- Преработено овошје и зеленчук
- Цвеќе и растенија
- Житарки, мелени продукти и скроб
- Масти и масла
- Пијалоци, алкохол и оцет
- Шеќер и слатки
- Друго

## ГЛАВНИ УВОЗНИ ПРОДУКТИ во ЕУ 25
## (% од уделот според вредноста - 2005)




- Месо и изнутрици
- Млечни производи
- Свежо овошје и зеленчук
- Преработено овошје и зеленчук
- Цвеќе и растенија
- Житарки, мелени продукти и скроб
- Масти и масла
- Пијалоци, алкохол и оцет
- Шеќер и слатки
- Друго







## КОЛКУ ЧИНИ ЗЗП

**ЗЗП постои повеќе од 40 години и е една од најважните пан-Европски политики. Затоа не е за изненадување фактот што сегментот од севкупниот буџет и трошоци на ЕУ посветен на ЗЗП претставува најголема ставка бидејки има статус на национална политика и трошоци за земјоделство. Ситуацијата сега е променета затоа што трошоците за ЗЗП се лимитирани и и се развиваат и други политики на ниво на ЕУ. Но сеуште постојат неколку митови за цената на чинење на ЗЗП кои што треба да да се разбијат.**

### ЗЗП има привидно висока цена

Во првите години од постоењето на ЕУ сегментот на ЗЗП претставуваше многу значајна ставка од буџетските трошоци на ЕУ, понекогаш дури две третини од целокупниот буџет. Трошоците за ЗЗП изнесуваат околу 55 милијарди Евра годишно. Оваа сума претставува 40% од севкупниот буџет на ЕУ и нешто помалку од 0,5% од Бруто Домашниот Производ (БДП) во ЕУ. Не само што уделот на ЗЗП во БДП на ЕУ се намалува, туку овој удел се намалува значително побргу од другите јавни трошоци во ЕУ.

## СПОРЕДЕНО СО ДРУГИТЕ ЈАВНИ ТРОШОЦИ, ТРОШОКОТ ЗА ЗЗП Е РАЗУМЕН

И затоа трошокот за ЗЗП би требало да се разгледува во соодветен контекст. За разлика од другите сектори како што се образованието, одбраната, трнспортот, здравствената и социјалната грижа, чии што трошоци ги поднесува секоја Земја членка самостојно, Земјите членки се договорија дека одлуките за земјоделската политика на ЕУ ќе се донесуваат на ниво на Унијата и ќе биде доделен соодветен буџет за оваа намена. Во просек, секој граѓанин на ЕУ плаќа по 2 Евра неделно за да се финансира ЗЗП. Ова е далеку од висока цена што се плаќа за понуда на здрава храна и место за живеење.

Уделот на буџетот што се користеше за пазарна поддршка (житарки, шеќер, говедско и млеко) и за извозни субвенции е намален, додека пак уделот за директна помош на производителите и средствата за рурален развој се зголемени.

## БУЏЕТСКА КОНТРОЛА

ЗЗП се имплементира во точно определени рамки. Буџетските ограничувања се востановени за да се обезбеди контролирано трошење во било која година или период од повеќе години. Ограничувањата предвидени  за пазарните мерки во ЗЗП и директната помош за периодот 2007-2013 година не дозволуваат реален раст и ефективно ќе бидат се построги во секоја година како што директните плаќања во 12 нови Земји членки прогресивно се зголемуваат кон нивото на целосно финансирање спроведено во поранешните 15 Земји членки. Во исто време, ЗЗП се реформираше (три пати за 12 години) делумно со цел за подобро таргетирање и контрола на трошоците. Трошоците за ЗЗП се замрзнати (во реални бројки) до 2013 година. Трошењето на средствата ќе биде стриктно контролирано - нов контролен механизам за финансиска дисциплина  се воведе со цел да се осигури дека горната граница за трошоците нема да се надмине.

**ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО ПРОЦЕНТИ ОД ВКУПНИОТ ЕУ БУЏЕТ**
**Обврски**



**12**

# ЗЗП - ПРОМОВИРАЊЕ НА ОДДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО ГЛОБАЛНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Улогата на ЕУ во земјоделството отсекогаш била да помогне за:

- Осигурување на стабилна понуда од достапна и безбедна храна за своето население;
- Овозможување на пристоен стандард на живот за земјоделските производители во ЕУ, истовремено дозволувајќи му на земјоделскиот сектор да се модернизира и развие;
- Осигурување на земјоделството дека ќе продолжи да егзистира во сите региони на ЕУ.

Како што ЗЗП се развиваше, во согласност со барањата на граѓаните на ЕУ, следниве фактори стануваа сѐ позначајни:

- Подобрување на квалитетот на храната во Европа;
- Гарантирање на безбедноста на храната;
- Грижа за благосостојбата на руралните средини;
- Осигурување дека природната околина е зачувана за идните генерациите ;
- Овозможување подобри услови за здравјето на животните и нивната благосостојба;
- извршување на горенаведеното по минимална цена за буџетот на ЕУ (кој што е фиансиран претежно од даночните обврзници, односно обичните граѓани).

Насоката на тековната ЗЗП ги рефлектира следните стратешките цели: Земјоделство кое што е конкурентно на светските пазари, кое што ги почитува највисоките еколошки стандарди, безбедностна храната, во рамки на оддржливата и динамична рурална економија.

Денес ЗЗП е политика на избор на нашето општество; да продолжи да го поддржува земјоделството во ЕУ, а во исто време да одговори на очекувањата на граѓаните, даночните обврзници и потрошувачите, со најмали изобличувања на меѓународната трговија.

Во годините што доаѓаат ЗЗП и понатаму ќе се менува со цел да продолжи да:

- Биде политика која што ги рефлектира потребите и барањата на европското општество;
- Промовира оддржливо земјоделско производство кое нуди безбедни, квалитетни производи и кое истовремено се грижи за заштита на околината и благосостојба на животните;
- Ја поддржува повеќефункционалната улога на земјоделските производители како добавувачи на јавни добра до општеството;
- Го промовира растот и креирањето нови работни места во руралните средини;
- Го зајакнува конкурентниот и иновативен земјоделски сектор кој што може да одговори на предизвиците на светските пазари;
- Биде раководена со едноставни и транспарентни прописи.



# ЕВРОПСКА КОМИСИЈА
# ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

KF-77-07-075-EN-D

Текстот на оваа публикација е само за информативни цели и не е легално обврзувачки.

**За понатамошни информации**

Rue de la Loi 200, B-1049 Brussels, Belgium

**Телефони**

Direct line: (+32) 22 95 63 63
Exchange: (+32) 22 99 11 11

**Факс**
(+32) 22 99 17 61
**Интернет**
http://ec.europa.eu/agriculture

Европа Директ е сервис кој што ви овозможува да најдете одговори на вашите прашања за Европаската Унија
Бесплатен телефон (*): 00 800 6 7 8 9 10 11
(*) некои оператори на мобилна телефонија не дозволуваат пристап до 00 800 броевите, или овие повици може да ги наплатат.

© European Communities, 2007
Извор на табелите: European Commission and Eurostat
Печатено во ЕУ
ПЕЧАТЕНО НА БЕЛА НЕХЛОРИРАНА ХАРТИЈА

Publications Office
publications.europa.eu